ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
Су.04 бр.82/20-16
07.12.2020 год.
КИЧЕВО

Претседателот на Основен суд Кичево, Амдије Зенку, врз основа на член 17 ст.1 и чл.36 од Законот за судска служба , по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.1/20, за вработување на судски службеници, за работно место „Самостоен судски референт-Технички секретар на Претседателот на судот “ еден (1) извршител, по доставениот Предлог за најдобро рангирани кандидати на Комисија за селекција за вработување од 03.12.2020 година, на ден 07.12.2020 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За работно место „Самостоен судски референт-Технички секретар на Претседателот на судот “Г , ниво Г1 ,еден (1) извршител, на неопределено време, се избира кандидатот:

МЕРСИХА ЕМИНИ од Кичево

Решение за вработување на неопределено време на избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Кичево во дневните весници „Нова Македонија“ и ,,Лајм“ од 04.10.2020 година, објавен е Јавен оглас бр.1/20 за вработување на судски службеници за работно место бр.1.2 „Самостоен судски референт-Технички секретар на Претседателот на судот “еден (1) извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно Законот за судска служба и Правилникот за форма и содржина на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, до Претседателот на судот, доставен е Предлог за најдобро рангирани кандидати од 03.12.2020 година, за работно место „Самостоен судски референт-Технички секретар на Претседателот на судот “

Во Предлогот на кандидат за вработување, Комисијата за селекција за вработување, за вработување го предложи кандидатот Мерсиха Емини од Кичево како прв рангиран кандидат од ранг листата.

Претседателот на судот, имајќи го во предвид Предлогот за најдобро рангирани кандидати од 03.12.2020 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување, согласно чл.35 ст.1 од Законот за судска служба, за работното место „Самостоен судски референт-Технички секретар на Претседателот на судот " еден (1) извршител, како и имајќи го во предвид чл.17 и чл.36 ст.1 од истиот закон, одлучи како во изреката на оваа одлука, односно, го избра кандидатот Мерсиха Емини од Кичево , како најдобро рангиран кандидати по спроведената постапка по Огласот бр.1/20 .

Претседател на суд,
Амдије Зенку

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа одлука ,кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од прием на известувањето, преку овој суд до Советот на судска служба.

Д-Но

-избран кандидат

Огласна табла и

-Веб страна на судот